Друштво за производство, трговија и услуги
ИНВЕТО ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
Бр. 02-03/3-3
02.05 202 5 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Друштво за трговија и услуги
СТОМАГРУП 19 ДОО
Бр. 75/25
01.09 2025 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03 - 10179/1.
Датум:
29 -08- 2025

# РАМКОВНА СПОГОДБА
## за јавна набавка на стоки – потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии

Склучена помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев" бр.12 - Скопје, претставувано по овластување на министерот за финансии од д-р Андриана Матлиоска, државен секретар, во натамошниот текст: договорен орган, од една страна и

носителите на набавка од друга страна:

2. Друштво за трговија и услуги СТОМАГРУП 19 ДОО Скопје, ул.23 „Октомври", бр.20-43, Скопје, претставувано од Борче Домлевски, во својство на управител, и

3. Друштво за производство, трговија и услуги ИНВЕТО ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје ул. Тодор Скаловски бр.85 лок.11, Скопје, претставувано од Горан Андоновски, во својство на управител.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на оваа рамковна спогодба е регулирање на правата и обврските помеѓу страните, а заради извршување на јавната набавка на стоки – потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии, по спроведена постапка за набавка од мала вредност по оглас бр. 12392/2025.

Предметот на оваа рамковна спогодба ќе се извршува сукцесивно според потребите на договорниот орган, а по претходно склучени поединечни договори/доставени писмени нарачки од негова страна.

Рамковната спогодба ќе се извршува без повторно прибирање на понуди, а поединечни договори/нарачки ќе се доделуваат во согласност со условите од рамковната спогодба.

Поединечните договори врз основа на рамковната спогодба се склучуваат во писмена форма, а ефект на договор може да имаат и нарачка, налог, заклучница и слично, доколку ги имаат сите суштествени состојки на договорот.

Составен дел на оваа рамковна спогодба се понудите на носителите на набавките, дадени во прилог на рамковната спогодба.

II. ЦЕНА

Член 2

Единечните цени за потрошните делови наведени од понудите се фиксни и непроменливи за целото времетраење на рамковната спогодба.

Во единечните цени за потрошните делови наведени во понудите е содржана цената на потрошните делови кои се набавуваат, во која се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на потрошните делови и сите останати трошоци кои произлегуваат од испораката на истите.

На единечните цени се пресметува данок на додадена вредност по пропишана стапка согласно со закон.

Максималната вредност на рамковната спогодба согласно со предвидените средства на договорниот орган изнесува 300.000,00, без пресметан данок на додадена вредност.

Вкупната максимална вредност на рамковната спогодба со пресметан данок на додадена вредност изнесува 354.000,00 денари.

Вкупната вредност на рамковната спогодба ќе се утврди врз основа на стварно набавените потрошни делови, при што истата не смее да ја надмине максималната вредност со пресметан данок на додадена вредност.

Договорниот орган не е обврзан да го искористи целиот износ на максималната вредност на рамковната спогодба.

Член 3

Фактурирањето за испорачаните делови ќе се врши според единичните цени дадени во финансиските понуди на договорните страни, со пресметување на данок на додадена вредност според пропишаната законска стапка.

III. ВАЖНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 4

Оваа рамковна спогодба се склучува за период од 1 (една) година, сметано од денот на потпишувањето на спогодбата од сите страни, или до целосно искористување на максималната вредност од член 2, став 4 од оваа спогодба, во зависност од тоа што попрво ќе настане.

## IV. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА НАБАВКА НА СТОКАТА

Член 5

Договорниот орган до носителот на набавката кој понудил најниска цена за ставката/позицијата која што му е потребна на договорниот орган ќе достави барање за согласност за испорака на конкретната ставка/позиција на официјалната е-пошта наведена во понудата на носителот на набавката. Барањето треба да содржи опис на ставката со технички карактеристики, единечна мера, количина, локација на испорака, рок за одговор на барањето за согласност, лице за контакт и други потребни податоци за навремена испорака на стоките.

По приемот на барањето за согласност носителот на набавката е должен во рок од 1 (еден) работен ден електронски да го извести договорниот орган преку официјалната е-пошта за можноста за испорака на стоките.

Доколку носителот на набавката е во можност да ги испорача бараните стоки, должен е во рокот утврден во барањето да достави согласност за испорака преку официјалната е-пошта, во спротивно договорниот орган ќе се обрати до следниот по ранг носител на набавка, со оглед на тоа што оваа рамковна спогодба не ги обврзува страните за склучување на поединечен договор односно испорака на стоки.

По добивање на согласност од носителот на набавката, договорниот орган ќе достави поединечен договор/писмена нарачка.

Доколку за иста ставка се дадени исти цени од носителите на набавката, договорниот орган го задржува правото да побара согласност/порача потрошни материјали од оној носител на набавка кој прв поднел понуда на ЕСЈН.

Член 6

Испораката на потрошните делови ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган и исклучиво врз основа на склучување на поединечни договори/писмена нарачка издадена од договорниот орган.

Поединечните договори/ писмените нарачки ќе се доделуваат без повторно прибирање на понуди од носителите на набавката-страни во рамковната спогодба, во зависност од потребите на договорниот орган.

Писмената нарачка од став 1 на овој член треба да содржи: потпис од овластен потписник на договорниот орган, архивски број, печат, вид и количина на стоките што се порачуваат, место на испорака, рок на испорака и лице за прием на стоката.

Доколку испорачаните стоки од страна на носителот на набавката нема да бидат во согласност со издадената писмена нарачка или ќе бидат извршени без писмена нарачка издадена од договорниот орган, истата ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

За извршената испорака определените лица кај договорниот орган и кај носителот на набавката потпишуваат документ- испратница како потврда дека стоките се испорачани согласно нарачката и одредбите од оваа спогодба.

Договорниот орган по потреба може за дел од ставките дадени во понудите дадени во прилог кон рамковната спогодба, да порача повеќе количини, додека за дел од наведените ставки воопшто да не изврши нарачка.

Испораката на потрошните делови ќе се изврши во рок од 15 (петнаесет) дена, сметано од датумот на приемот на писмената нарачка од страна на носителот на набавката.

## V. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 7

Договорниот орган ќе го изврши плаќањето врз основа на доставена фактура од страна на носителот на набавката, по извршената испорака врз основа на писмена нарачка.

Фактурата за извршената испорака се доставува на договорниот орган на следнава адреса: Министерство за финансии, ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје.

Кон фактурата задолжително се приложува потпишана испратница со која се потврдува уредно извршената испорака.

Доколку доставената фактура не содржи испратница нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

### Член 8

Договорниот орган се обврзува на носителите на набавката да им ги обезбеди сите информации, неопходни податоци и непречен пристап во врска со предметот на рамковната спогодба, за времетраењето на рамковната спогодба.

Договорниот орган е должен потписниците на рамковната спогодба да ги извести за лицата определени за реализација на рамковната спогодба.

Договорниот орган е должен да го врши плаќањето во рок и на начин согласно со член 7 од оваа рамковна спогодба.

Член 9

Носителите на набавката се обврзуваат дека ќе ја вршат испораката редовно, навремено и квалитетно согласно со прифатената понуда.

Носителите на набавката се обврзуваат дека потрошните материјали што ќе ги испорачуваат ќе бидат од типот и производителите што ги посочиле во понудата и ќе ги имаат истите технички карактеристики, како наведените во понудата прилог кон рамковната спогодба.

Носителите на набавката се обврзуваат да се придржуваат кон рокот за испорака на потрошните делови кој е дефиниран во член 6 на оваа рамковна спогодба.

Носителите на набавката се обврзуваат да извршат замена на потрошните делови што договорниот орган ќе го рекламира.

Носителите на набавката се обврзуваат со испораката на деловите, да доставуват гарантни листови, за оние делови од понудите кои подлежат под гаранција.

VII.ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 10

За секој ден доцнење во извршувањето на испораката од страна на носителите на набавката, носителите на набавката се обврзуваат на договорниот орган да му платат казна во висина од 0,5% од вредноста на поединечната набавка.

Обврската за исплата на казната од став 1 на овој член носителите на набавката се должни да ја вкалкулираат, т.е. одбијат од вкупната вредност на поединечната набавка за која имале доцнење.

Вкупната договорна казна не може да надмине 5% од износот на неизвршената нарачка.

Договорниот орган нема да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската од носителот на набавката, а без одлагање не му соопштил на носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

## VIII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 11

Оваа рамковна спогодба може да се раскине спогодбено со согласност на договорните страни.

Член 12

Оваа спогодба може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на спогодбата, а согласно со оваа спогодба или закон.

Страната на рамковната спогодба која поради непридржување или несполнување кон обврската ја раскинува спогодбата, должна е тоа да и го соопшти на другата страна без одлагање во писмена форма.

Спогодбата се смета за раскината со денот на приемот на известувањето за раскинување.

Доколку дојде до раскинување поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на спогодбата од страна на носителот на набавката, страната на рамковната спогодба ќе биде одговорна за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 13

Кога една од страните на спогодбата нема да ја исполни својата обврска, другата страна може да бара исполнување на обврските или да ја раскине спогодбата, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Договорниот орган нема да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската од носителот на набавката, а без одлагање не му соопштил на носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

Член 14

Кога страната нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата страна, може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако страната која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата страна може еднострано да ја раскине спогодбата.

## IX. ВИША СИЛА

Член 15

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под „виша сила" се подразбираат настани или околности на кои страните не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на спогодбата (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од спогодбата.

Ако една од договорните страни на спогодбата е спречена заради настапување на „виша сила" да ги извршува обврските, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна на спогодбата, со наведување на причините за „вишата сила" и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За време на траењето на „вишата сила" сите права и обврски од оваа спогодба мируваат.

Страните на спогодбата се обврзуваат на ист начин да ја известат соодветната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на истата, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на „вишата сила", спогодбата продолжува да се реализира.

## X.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Изменувања и дополнувања на спогодбата можат да се вршат со заедничка согласност на страните по писмен пат.

Страната која бара измена и/или дополнување на спогодбата е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Спогодбата може да се изменува и дополнува со анекс потпишан од двете страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 17

За сé што не е предвидено со оваа спогодба, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 18

Во случај на спор, страните на спогодбата се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 19

Обработката на личните податоци при реализацијата на оваа спогодба да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 20

Оваа Рамковна спогодба е составена во 6 (шест) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примерока за секој потписник на спогодбата.

ПОТПИСНИЦИ НА СПОГОДБАТА:

Договорен орган:
Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Скопје
По овластување на министерот
за финансии

Државен секретар
д-р Андриана Матлиоска

Носители на набавката:
Друштво за трговија и услуги
СТОМАГРУП 19 ДОО
Скопје

Управител
Борче Домлевски

Друштво за производство,
трговија и услуги
ИНВЕТО ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
Скопје

Управител
Горан Андоновски

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Ирена Петковски

# ПРИЛОГ КОН ДОГОВОРОТ: ПОНУДИ НА НОСИТЕЛИ НА НАБАВКА

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот 12392/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

Digitally signed by GORAN ANDONOVSKI
Date: 2025.07.23 22:57:19 +02:00

I.1. Име на понудувачот: Друштво за производство, трговија и услуги ИНВЕТО ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: ул. Тодор Скаловски бр.85 лок.11
- Телефон:071/214407
- Факс:
- Е-пошта: inzenering@hotmail.com
- Лице за контакт: ГОРАН АНДОНОВСКИ

I.3. Одговорно лице: ГОРАН АНДОНОВСКИ

**<u>Елементи на понудата</u>**

- Документ за регистрирана дејност

- Изјава за сериозност

- Техничка понуда

- Финансиска понуда

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

## Дел II – ТЕХНИЧКА ПОНУДА

**II.1.** Согласни сме да ја обезбедиме набавката на стоки - потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии, во се според барањата дефинирани во техничката спецификација.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Р.Б. | ОПИС НА ПОБАРАНИ ПОТРОШНИ ДЕЛОВИ | количина | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОНУДЕНИ ПОТРОШНИ ДЕЛОВИ<br>Тип/ марка/модел на делот |
| 1 | Електричен отворач на врата NADAL BADAL S.A -1711 ;12V DC- или еквивалент | 1 | NADAL BADAL S.A -1711 ;12V DC |
| 2 | VOXIO-E-3140-A читач -phg Peter Hengstler-или еквивалент | 1 | VOXIO-E-3140-A читач -phg Peter Hengstler |
| 3 | ЛЕД сијалица CorePro LED PLC 6.5W 840 4P G24q-2- или еквивалент | 1 | CorePro LED PLC 6.5W 840 4P G24q-2 |
| 4 | ЛЕД сијалица CorePro LED PLC 5.5W 830 4P G24q-1-или еквивалент | 1 | CorePro LED PLC 5.5W 830 4P G24q-1 |
| 5 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 600mm HE 7W 840 T5 -или еквивалент | 1 | LEDtube HF 600mm HE 7W 840 T5 |
| 6 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 1200mm HE 16.5W 840 T5 или еквивалент | 1 | LEDtube HF 1200mm HE 16.5W 840 T5 |
| 7 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 1500mm UO 36W 840 T5 -или еквивалент | 1 | LEDtube HF 1500mm UO 36W 840 T5 |
| 8 | Флуо цевка кружна TL5C 60W/840 ,5000 lumen-Philips-или еквивалент | 1 | TL5C 60W/840 ,5000 lumen |
| 9 | ЛЕД таванска сијалица 24W 6.6" Ceiling Fan LED Light Engine Kit Replacement Board Panel Retrofit Lamp; 6500LM,360"Wide angle .Magnet adsorption | 1 | 24W 6.6" Ceiling Fan LED Light Engine Kit Replacement Board Panel Retrofit Lamp; 6500LM,360"Wide angle .Magnet adsorption |
| 10 | ЛЕД сијалица со грло E-27 13W 3000K 1055lm 78mA 220-240 50-60Hz-Osram-или еквивалент | 1 | LED bulb E-27 13W 3000K 1055lm 78mA 220-240 50-60Hz |
| 11 | ЛЕД сијалица 12 in. - LED T5 Tube - 4 W - 400 Lumens - 4000K или еквивалент | 1 | 12 in. - LED T5 Tube - 4 W - 400 Lumens - 4000K |
| 12 | UV Block MHN-TD B , 150W /842 Philips-или еквивалент | 1 | UV Block MHN-TD B , 150W /842 Philips- |

Digitally signed by GORAN ANDONOVSKI
Date: 2025.07.23

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | Сензор за движење 220/240V, 50-60Hz модел HY/MS/360/W-Hyundai Lighting-или еквивалент | 1 | Сензор за движење 220/240V, 50-60Hz модел HY/MS/360/W-Hyundai Lighting |
| 14 | Придушница HF-S 3/4 14 TL5 II Philips -или еквивалент | 1 | Ballast HF-S 3/4 14 TL5 II |
| 15 | Придушница HF-P2 I 4- 35 TL5 HE III IDC Philips -или еквивалент | 1 | Ballast HF-P2 I 4- 35 TL5 HE III IDC |
| 16 | Придушница HF-Ri TD /60TL5 C E+ -или еквивалент | 1 | Ballast HF-Ri TD /60TL5 C |
| 17 | Придушница Xitanium 25W/ 0.3-IA 36V TD/I 230V ; 25 W LED-или еквивалент | 1 | Ballast Xitanium 25W/ 0.3-IA 36V TD/I 230V ; 25 W LED |
| 18 | DN450B DLM2000/840 PSU-E IP44 WH -Philips-или еквивалент | 1 | DN450B DLM2000/840 PSU-E IP44 WH -Philips |
| 19 | Модул Fortimo LED DLM 2000 19W/840 Gen 5 модул-или еквивалент | 1 | Fortimo LED DLM 2000 19W/840 Gen 5 module |
| 20 | Продолжен кабел со 3 (три) приклучоци и прекинувач, со должина 3м | 1 | Продолжен кабел со 3 (три) приклучоци и прекинувач, со должина 3м - ET10103 |
| 21 | Продолжен кабел со 5 (пет) приклучоци и прекинувач, со должина 3м | 1 | Продолжен кабел со 5 (пет) приклучоци и прекинувач, со должина 3м – ET10120 |
| 22 | Соларна светилка 60w | 1 | Соларна светилка 60w |
| 23 | Соларна светилка 120w | 1 | Соларна светилка 120w |
| 24 | Кабел HDMI M/M 1.8m v.2.0 4K Cablexpert with ethernet или еквивалент | 1 | HDMI M/M 1.8m v.2.0 4K Cablexpert with ethernet |
| 25 | спреј WD-40 400ml | 1 | WD-40 400ml |
| 26 | универзален спреј за подмачкување 400ml | 1 | Спреј за нега и подмачкување, 400ml, WURTH **0893224** |
| 27 | Лед лента 1 метро | 1 | Лед Лента со Самсунг чип СМД 120лед/М 12 Вати/М 12 Волти 5м-котор 4000К 1320лм |
| 28 | Трафо 220V/12V ; 60W за лед лента | 1 | Напојување 60 Вати 5А 12 Волти ИП20 Метално SKU: 3246 \| VT: VT-20062 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 29 | Брава за алуминска врата,ширина 35мм , 85 мм осовински висина од квака до цилиндар | 1 | Брава за алуминска врата,ширина 35мм , 85 мм, 35/85mm ES – 049 |
| 30 | Брава за метална ПП врата ширина 65мм , осовинска висина од квака до цилиндар 85мм | 1 | Антипаник брава ISEO 65MM |
| 31 | Брава за тоалет врата :Укопна брава GEGE ergo BB, DM 50, челик сребро поцинковани Br.art.: 102270066 EAN: 9003890526866 / 1 kom ÖNORM B5350, EN 12209 класа 2 ; | 1 | Укопна брава GEGE ergo BB, DM 50, челик сребро поцинковани Br.art.: 102270066 EAN: 9003890526866 / 1 kom ÖNORM B5350, EN 12209 класа 2 |

НАПОМЕНА 1: Економскиот оператор задолжително ги пополнува сите полиња од техничката понуда. Доколку некое поле е не пополнето понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива.

НАПОМЕНА 2: Економскиот оператор во полето „ ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОНУДЕНИ ПОТРОШНИ ДЕЛОВИ“ ги наведува деловите кои ги нуди со точни карактеристики со точен и конкретен тип/марка/модел на делот без наведување на „еквивалент“. Доколку покрај точни карактеристики со точно наведен тип/марка/ модел на делот биде содржана додавката „еквивалент“ или стојат полиња „максимум, минимум, или „од-до“ таквата понуда ќе биде отфлена за неприфатлива.

НАПОМЕНА 3: Доколку економскиот оператор нуди дел кој е еквивалентен од бараниот наведен во техничките спецификации, истиот треба да го наведен **со точен тип, марка, модел на делот при што еквивалентноста треба да ја потврди со ИЗЈАВА дека наведниот дел е еквивалентен на бараниот и истиот одговара на потребите на договорниот орган.**
**Изјавата се доставува заедно со понудата и треба да биде потпишана со валиден дигитален сертификат од економскиот оператор.Доколку не достави изјава за понудената еквивалентност, понудата се отфрла за неприфатлива.**
**За деловите за кои постои гаранција од производител економскиот оператор потребно е со достава на деловите да ја достави гаранцијата, заверена со цел нејзина важност.**

**НАПОМЕНА: Економскиот оператор ја потпишува со валиден дигитален сертификат и прикачува техничката понуда во моментот на поднесување на понудата како дел од целокупната документација.**
**Недоставувањето на техничка понуда е основ за отфрлање на понудата.**

GORAN ANDONOVSKI

Digitally signed by GORAN ANDONOVSKI
Date: 2025.07.23 22:56:17 +02'00'

# Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 12392/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

Digitally signed by GORAN ANDONOVSKI
Date: 2025.07.23 22:57:26 +02:00

## Финансиска понуда

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31681400 -7 | Соларна светилка 60w | Парче | 1,00 | 2.640,00 | 2.640,00 | 475,20 | 3.115,20 |
| 31681400 -7 | Лед лента 1 метро | Парче | 1,00 | 85,00 | 85,00 | 15,30 | 100,30 |
| 31681410 -0 | DN450B DLM2000/840 PSU-E IP44 WH - Philips-или еквивалент | Парче | 1,00 | 685,00 | 685,00 | 123,30 | 808,30 |
| 24311500 -2 | универзален спреј за подмачкување 400ml | Парче | 1,00 | 490,00 | 490,00 | 88,20 | 578,20 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица со грло E-27 13W 3000K 1055lm 78mA 220-240 50-60Hz-Osram-или еквивалент | Парче | 1,00 | 184,00 | 184,00 | 33,12 | 217,12 |
| 31681400 -7 | Придушница Xitanium 25W/ 0.3-lA 36V TD/I 230V ; 25 W LED-или еквивалент | Парче | 1,00 | 844,00 | 844,00 | 151,92 | 995,92 |
| 31681410 -0 | Продолжен кабел со 5 (пет) приклучоци и прекинувач, со должина 3м | Парче | 1,00 | 618,00 | 618,00 | 111,24 | 729,24 |
| 31681400 -7 | VOXIO-E-3140-A читач -phg Peter Hengstler-или еквивалент | Парче | 1,00 | 12.477,00 | 12.477,00 | 2.245,86 | 14.722,86 |
| 31681400 -7 | Кабел HDMI M/M 1.8m v.2.0 4K Cablexpert with ethernet или еквивалент | Парче | 1,00 | 360,00 | 360,00 | 64,80 | 424,80 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31681400 -7 | Флуо цевка кружна TL5C 60W/840 ,5000 lumen-Philips-или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.311,00 | 1.311,00 | 235,98 | 1.546,98 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 600mm HE 7W 840 T5 -или еквивалент | Парче | 1,00 | 669,00 | 669,00 | 120,42 | 789,42 |
| 31681400 -7 | Придушница HF-P2 I 4- 35 TL5 HE III IDC Philips -или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.688,00 | 1.688,00 | 303,84 | 1.991,84 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица CorePro LED PLC 6.5W 840 4P G24q-2- или еквивалент | Парче | 1,00 | 695,00 | 695,00 | 125,10 | 820,10 |
| 31681400 -7 | ЛЕД таванска сијалица 24W 6.6" Ceiling Fan LED Light Engine Kit Replacement Board Panel Retrofit Lamp; 6500LM,360"Wide angle .Magnet adsorption | Парче | 1,00 | 1.890,00 | 1.890,00 | 340,20 | 2.230,20 |
| 31681400 -7 | UV Block MHN-TD B , 150W /842 Philips-или еквивалент | Парче | 1,00 | 2.124,00 | 2.124,00 | 382,32 | 2.506,32 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица 12 in. - LED T5 Tube - 4 W - 400 Lumens - 4000K или еквивалент | Парче | 1,00 | 721,00 | 721,00 | 129,78 | 850,78 |
| 31681410 -0 | Модул Fortimo LED DLM 2000 19W/840 Gen 5 модул-или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.111,00 | 1.111,00 | 199,98 | 1.310,98 |
| 31681400 -7 | Соларна светилка 120w | Парче | 1,00 | 3.055,00 | 3.055,00 | 549,90 | 3.604,90 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31681400 -7 | Придушница HF-S 3/4 14 TL5 II Philips - или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.008,00 | 1.008,00 | 181,44 | 1.189,44 |
| 44521110 -2 | Брава за алуминска врата,ширина 35мм , 85 мм осовински висина од квака до цилиндар | Парче | 1,00 | 910,00 | 910,00 | 163,80 | 1.073,80 |
| 31681400 -7 | Придушница HF-Ri TD /60TL5 C E+ -или еквивалент | Парче | 1,00 | 2.420,00 | 2.420,00 | 435,60 | 2.855,60 |
| 31681410 -0 | Продолжен кабел со 3 (три) приклучоци и прекинувач, со должина 3м | Парче | 1,00 | 385,00 | 385,00 | 69,30 | 454,30 |
| 44521110 -2 | Брава за тоалет врата :Укопна брава GEGE ergo BB, DM 50, челик сребро поцинковани Br.art.: 102270066 EAN: 9003890526866 / 1 kom ÖNORM B5350, EN 12209 класа 2 ; | Парче | 1,00 | 728,00 | 728,00 | 131,04 | 859,04 |
| 31681400 -7 | Сензор за движење 220/240V, 50-60Hz модел HY/MS/360/W-Hyundai Lighting- или еквивалент | Парче | 1,00 | 722,00 | 722,00 | 129,96 | 851,96 |
| 44521110 -2 | Брава за метална ПП врата ширина 65мм , осовинска висина од квака до цилиндар 85мм | Парче | 1,00 | 1.564,00 | 1.564,00 | 281,52 | 1.845,52 |
| 31681400 -7 | Трафо 220V/12V ; 60W за лед лента | Парче | 1,00 | 810,00 | 810,00 | 145,80 | 955,80 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24311500 -2 | спреј WD-40 400ml | Парче | 1,00 | 511,00 | 511,00 | 91,98 | 602,98 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 1500mm UO 36W 840 T5 -или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.422,00 | 1.422,00 | 255,96 | 1.677,96 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 1200mm HE 16.5W 840 T5 или еквивалент | Парче | 1,00 | 987,00 | 987,00 | 177,66 | 1.164,66 |
| 31681400 -7 | Електричен отворач на врата NADAL BADAL S.A -1711 ;12V DC-или еквивалент | Парче | 1,00 | 2.090,00 | 2.090,00 | 376,20 | 2.466,20 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица CorePro LED PLC 5.5W 830 4P G24q-1-или еквивалент | Парче | 1,00 | 660,00 | 660,00 | 118,80 | 778,80 |
| | | | | **Вкупно** | 45.864,00 ден | 8.255,52 ден | 54.119,52 ден |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **45.864,00** (**четириесет и пет илјади осумстотини шеесет и четири**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **8.255,52** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот 12392/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: Друштво за трговија и услуги СТОМАГРУП 19 ДОО Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: 23 ОКТОМВРИ 20-43
- Телефон:070337110
- Факс:
- Е-пошта: stomagroup19@gmail.com
- Лице за контакт: Борче Домлевски

I.3. Одговорно лице: Борче Домлевски

**<u>Елементи на понудата</u>**

- Документ за регистрирана дејност
- Изјава за сериозност
- Техничка понуда
- Финансиска понуда

***Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*** 

STOMA GROUP19 **Дел I Финансиска понуда**

Врз основа на огласот 12392/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

## Финансиска понуда

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31681400 -7 | Соларна светилка 60w | Парче | 1,00 | 890,00 | 890,00 | 160,20 | 1.050,20 |
| 31681400 -7 | Лед лента 1 метро | Парче | 1,00 | 285,00 | 285,00 | 51,30 | 336,30 |
| 31681410 -0 | DN450B DLM2000/840 PSU-E IP44 WH - Philips-или еквивалент | Парче | 1,00 | 3.900,00 | 3.900,00 | 702,00 | 4.602,00 |
| 24311500 -2 | универзален спреј за подмачкување 400ml | Парче | 1,00 | 325,00 | 325,00 | 58,50 | 383,50 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица со грло E-27 13W 3000K 1055lm 78mA 220-240 50-60Hz-Osram-или еквивалент | Парче | 1,00 | 119,00 | 119,00 | 21,42 | 140,42 |
| 31681400 -7 | Придушница Xitanium 25W/ 0.3-IA 36V TD/I 230V ; 25 W LED-или еквивалент | Парче | 1,00 | 2.376,00 | 2.376,00 | 427,68 | 2.803,68 |
| 31681410 -0 | Продолжен кабел со 5 (пет) приклучоци и прекинувач, со должина 3м | Парче | 1,00 | 450,00 | 450,00 | 81,00 | 531,00 |
| 31681400 -7 | VOXIO-E-3140-A читач -phg Peter Hengstler-или еквивалент | Парче | 1,00 | 6.000,00 | 6.000,00 | 1.080,00 | 7.080,00 |
| 31681400 -7 | Кабел HDMI M/M 1.8m v.2.0 4K Cablexpert with ethernet или еквивалент | Парче | 1,00 | 185,00 | 185,00 | 33,30 | 218,30 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31681400 -7 | Флуо цевка кружна TL5C 60W/840 ,5000 lumen-Philips-или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.400,00 | 1.400,00 | 252,00 | 1.652,00 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 600mm HE 7W 840 T5 -или еквивалент | Парче | 1,00 | 646,00 | 646,00 | 116,28 | 762,28 |
| 31681400 -7 | Придушница HF-P2 I 4- 35 TL5 HE III IDC Philips -или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.693,00 | 1.693,00 | 304,74 | 1.997,74 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица CorePro LED PLC 6.5W 840 4P G24q-2- или еквивалент | Парче | 1,00 | 500,00 | 500,00 | 90,00 | 590,00 |
| 31681400 -7 | ЛЕД таванска сијалица 24W 6.6" Ceiling Fan LED Light Engine Kit Replacement Board Panel Retrofit Lamp; 6500LM,360"Wide angle .Magnet adsorption | Парче | 1,00 | 1.800,00 | 1.800,00 | 324,00 | 2.124,00 |
| 31681400 -7 | UV Block MHN-TD B , 150W /842 Philips-или еквивалент | Парче | 1,00 | 2.000,00 | 2.000,00 | 360,00 | 2.360,00 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица 12 in. - LED T5 Tube - 4 W - 400 Lumens - 4000K или еквивалент | Парче | 1,00 | 100,00 | 100,00 | 18,00 | 118,00 |
| 31681410 -0 | Модул Fortimo LED DLM 2000 19W/840 Gen 5 модул-или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.675,00 | 1.675,00 | 301,50 | 1.976,50 |
| 31681400 -7 | Соларна светилка 120w | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | 180,00 | 1.180,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31681400 -7 | Придушница HF-S 3/4 14 TL5 II Philips - или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.161,00 | 1.161,00 | 208,98 | 1.369,98 |
| 44521110 -2 | Брава за алуминска врата,ширина 35мм , 85 мм осовински висина од квака до цилиндар | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | 180,00 | 1.180,00 |
| 31681400 -7 | Придушница HF-Ri TD /60TL5 C E+ -или еквивалент | Парче | 1,00 | 3.227,00 | 3.227,00 | 580,86 | 3.807,86 |
| 31681410 -0 | Продолжен кабел со 3 (три) приклучоци и прекинувач, со должина 3м | Парче | 1,00 | 420,00 | 420,00 | 75,60 | 495,60 |
| 44521110 -2 | Брава за тоалет врата :Укопна брава GEGE ergo BB, DM 50, челик сребро поцинковани Br.art.: 102270066 EAN: 9003890526866 / 1 kom ÖNORM B5350, EN 12209 класа 2 ; | Парче | 1,00 | 1.200,00 | 1.200,00 | 216,00 | 1.416,00 |
| 31681400 -7 | Сензор за движење 220/240V, 50-60Hz модел HY/MS/360/W-Hyundai Lighting- или еквивалент | Парче | 1,00 | 350,00 | 350,00 | 63,00 | 413,00 |
| 44521110 -2 | Брава за метална ПП врата ширина 65мм , осовинска висина од квака до цилиндар 85мм | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | 180,00 | 1.180,00 |
| 31681400 -7 | Трафо 220V/12V ; 60W за лед лента | Парче | 1,00 | 875,00 | 875,00 | 157,50 | 1.032,50 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24311500 -2 | спреј WD-40 400ml | Парче | 1,00 | 324,00 | 324,00 | 58,32 | 382,32 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 1500mm UO 36W 840 T5 -или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.872,00 | 1.872,00 | 336,96 | 2.208,96 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 1200mm HE 16.5W 840 T5 или еквивалент | Парче | 1,00 | 773,00 | 773,00 | 139,14 | 912,14 |
| 31681400 -7 | Електричен отворач на врата NADAL BADAL S.A -1711 ;12V DC-или еквивалент | Парче | 1,00 | 1.550,00 | 1.550,00 | 279,00 | 1.829,00 |
| 31681400 -7 | ЛЕД сијалица CorePro LED PLC 5.5W 830 4P G24q-1-или еквивалент | Парче | 1,00 | 470,00 | 470,00 | 84,60 | 554,60 |
| | | | | **Вкупно** | 39.566,00 ден | 7.121,88 ден | 46.687,88 ден |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **39.566,00** (**триесет и девет илјади петстотини шеесет и шест**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **7.121,88** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

## Дел II – ТЕХНИЧКА ПОНУДА

**II.1.** Согласни сме да ја обезбедиме набавката на стоки - потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии, во се според барањата дефинирани во техничката спецификација.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Р.Б. | ОПИС НА ПОБАРАНИ ПОТРОШНИ ДЕЛОВИ | количина | ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОНУДЕНИ ПОТРОШНИ ДЕЛОВИ<br>Тип/ марка/модел на делот |
| 1 | Електричен отворач на врата NADAL BADAL S.A -1711 ;12V DC- или еквивалент | 1 | Електричен отворач на врата NADAL BADAL S.A -1711 ;12V DC , **Nadal-Badal S.A Шпанија** |
| 2 | VOXIO-E-3140-A читач -phg Peter Hengstler-или еквивалент | 1 | VOXIO-E-3140-A читач -phg Peter Hengstle, **phg Peter Hengstler GmbH + Co. KG Германија** |
| 3 | ЛЕД сијалица CorePro LED PLC 6.5W 840 4P G24q-2- или еквивалент | 1 | ЛЕД сијалица CorePro LED PLC 6.5W 840 4P G24q-2, **Philips Холандија** |
| 4 | ЛЕД сијалица CorePro LED PLC 5.5W 830 4P G24q-1-или еквивалент | 1 | ЛЕД сијалица CorePro LED PLC 5.5W 830 4P G24q-1, **Philips Холандија** |
| 5 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 600mm HE 7W 840 T5 -или еквивалент | 1 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 600mm HE 7W 840 T5, **Philips Холандија** |
| 6 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 1200mm HE 16.5W 840 T5 или еквивалент | 1 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 1200mm HE 16.5W 840 T5, **Philips Холандија** |
| 7 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 1500mm UO 36W 840 T5 -или еквивалент | 1 | ЛЕД сијалица MAS LEDtube HF 1500mm UO 36W 840 T5 , **Philips Холандија** |
| 8 | Флуо цевка кружна TL5C 60W/840 ,5000 lumen-Philips-или еквивалент | 1 | Флуо цевка кружна TL5C 60W/840 ,5000 lumen, **Philips Холандија** |
| 9 | ЛЕД таванска сијалица 24W 6.6" Ceiling Fan LED Light Engine Kit Replacement Board Panel Retrofit Lamp; 6500LM,360"Wide angle .Magnet adsorption | 1 | ЛЕД таванска сијалица 24W 6.6" Ceiling Fan LED Light Engine Kit Replacement Board Panel Retrofit Lamp; 6500LM,360"Wide angle .Magnet adsorption, **LED Кина** |
| 10 | ЛЕД сијалица со грло E-27 13W 3000K 1055lm 78mA 220-240 50-60Hz-Osram-или еквивалент | 1 | ЛЕД сијалица со грло E-27 13W 3000K 1055lm 78mA 230V 50Hz, **Philips Холандија** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | ЛЕД сијалица 12 in. - LED T5 Tube - 4 W - 400 Lumens - 4000K или еквивалент | 1 | ЛЕД сијалица 12 in. - LED T5 Tube - 4 W - 400 Lumens - 4000K, **Elmark Бугарија** |
| 12 | UV Block MHN-TD B , 150W /842 Philips-или еквивалент | 1 | UV Block MHN-TD B , 150W /842 , **Philips Холандија** |
| 13 | Сензор за движење 220/240V, 50-60Hz модел HY/MS/360/W-Hyundai Lighting-или еквивалент | 1 | Сензор за движење 230V, 50Hz модел HY/MS/360/W-Hyundai Lighting Кина |
| 14 | Придушница HF-S 3/4 14 TL5 II Philips -или еквивалент | 1 | Придушница HF-S 3/4 14 TL5 II, **Philips Холандија** |
| 15 | Придушница HF-P2 I 4- 35 TL5 HE III IDC Philips -или еквивалент | 1 | Придушница HF-P2 I 4- 35 TL5 HE III IDC , **Philips Холандија** |
| 16 | Придушница HF-Ri TD /60TL5 C E+ -или еквивалент | 1 | Придушница HF-Ri TD /60TL5 C E+ DALI, **Philips Холандија** |
| 17 | Придушница Xitanium 25W/ 0.3-IA 36V TD/I 230V ; 25 W LED-или еквивалент | 1 | Придушница Xitanium 25W/ 0.3-IA 36V TD/I 230V ; 25 W LED,**Philips Холандија** |
| 18 | DN450B DLM2000/840 PSU-E IP44 WH -Philips-или еквивалент | 1 | DN450B DLM2000/840 PSU-E IP44 WH, **Philips Холандија** |
| 19 | Модул Fortimo LED DLM 2000 19W/840 Gen 5 модул-или еквивалент | 1 | Модул Fortimo LED DLM 2000 19W/840 Gen 5 модул, **Philips Холандија** |
| 20 | Продолжен кабел со 3 (три) приклучоци и прекинувач, со должина 3м | 1 | Продолжен кабел со 3 (три) приклучоци и прекинувач, со должина 3м, **Mak trade Србија** |
| 21 | Продолжен кабел со 5 (пет) приклучоци и прекинувач, со должина 3м | 1 | Продолжен кабел со 5 (пет) приклучоци и прекинувач, со должина 3м, **Mak trade Србија** |
| 22 | Соларна светилка 60w | 1 | Соларна светилка 60w, **Orno Бугарија** |
| 23 | Соларна светилка 120w | 1 | Соларна светилка 120w, **Orno Бугарија** |
| 24 | Кабел HDMI M/M 1.8m v.2.0 4K Cablexpert with ethernet или еквивалент | 1 | Кабел HDMI M/M 1.8m v.2.0 4K Cablexpert with ethernet, **Anhoch PC Македонија** |
| 25 | спреј WD-40 400ml | 1 | спреј WD-40 400ml, **WD-40 Company, САД** |
| 26 | универзален спреј за подмачкување 400ml | 1 | универзален спреј за подмачкување 500ml, Blue Bird, **Beta Process Special** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **Chemicals, Турција** |
| 27 | Лед лента 1 метро | 1 | Лед лента 1 метро,12W/m Dura lamp,**Philips Холандија** |
| 28 | Трафо 220V/12V ; 60W за лед лента | 1 | Лед Трафо 220V/12V ; 60W, **Philips Холандија** |
| 29 | Брава за алуминска врата,ширина 35мм , 85 мм осовински висина од квака до цилиндар | 1 | Брава за алуминска врата,ширина 35мм , 85 мм осовински висина од квака до цилиндар, **Вуле Јуниор, РС Македонија** |
| 30 | Брава за метална ПП врата ширина 65мм , осовинска висина од квака до цилиндар 85мм | 1 | Брава за метална ПП врата ширина 65мм , осовинска висина од квака до цилиндар 85мм, **Вуле Јуниор, РС Македонија** |
| 31 | Брава за тоалет врата :Укопна брава GEGE ergo BB, DM 50, челик сребро поцинковани Br.art.: 102270066 EAN: 9003890526866 / 1 kom ÖNORM B5350, EN 12209 класа 2 ; | 1 | Брава за тоалет врата :Укопна брава GEGE ergo BB, DM 50, челик сребро поцинковани Br.art.: 102270066 EAN: 9003890526866 ÖNORM B5350, EN 12209 класа 2, **Dormakaba, Швајцарија** |

НАПОМЕНА 1: Економскиот оператор задолжително ги пополнува сите полиња од техничката понуда. Доколку некое поле е не пополнето понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива.

НАПОМЕНА 2: Економскиот оператор во полето „ ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОНУДЕНИ ПОТРОШНИ ДЕЛОВИ“ ги наведува деловите кои ги нуди со точни карактеристики со точен и конкретен тип/марка/модел на делот без наведување на „еквивалент“. Доколку покрај точни карактеристики со точно наведен тип/марка/ модел на делот биде содржана додавката „еквивалент“ или стојат полиња „максимум, минимум, или „од-до“ таквата понуда ќе биде отфлена за неприфатлива.

НАПОМЕНА 3: Доколку економскиот оператор нуди дел кој е еквивалентен од бараниот наведен во техничките спецификации, истиот треба да го наведен **со точен тип, марка, модел на делот при што еквивалентноста треба да ја потврди со ИЗЈАВА дека наведниот дел е еквивалентен на бараниот и истиот одговара на потребите на договорниот орган.**
**Изјавата се доставува заедно со понудата и треба да биде потпишана со валиден дигитален сертификат од економскиот оператор.Доколку не достави изјава за понудената еквивалентност, понудата се отфрла за неприфатлива.**
**За деловите за кои постои гаранција од производител економскиот оператор потребно е со достава на деловите да ја достави гаранцијата, заверена со цел нејзина важност.**

**НАПОМЕНА: Економскиот оператор ја потпишува со валиден дигитален сертификат и прикачува техничката понуда во моментот на поднесување на понудата како дел од целокупната документација.**
**Недоставувањето на техничка понуда е основ за отфрлање на понудата.**

Изјава за еквивалентност на понудените делови

Јас, долупотпишаниот Борче Домлевски, управител на компанијата СТОМАГРУП 19 ДОО СКОПЈЕ, со седиште на адреса ул. 23 Октомври бр.20/43,1000 Скопје, изјавувам дека сите делови и производи понудени во нашата понуда се целосно еквивалентни на бараните согласно техничката спецификација која е дел од тендерската документација објавена по јавен повик број 12392/2025 на 10.05.2025 година.

Понудените делови ги исполнуваат сите технички, функционални и квалитативни барања и се компатибилни со бараниот стандард.

Скопје, 23.07.2025 година

Борче Домлевски

СТОМАГРУП 19 ДОО СКОПЈЕ